Почитувани,

**Асоцијацијата на професионалци во јавните набавки во Република Северна Македонија**[1] **(www.apjn.mk) во соработка со Канцеларијата за буџетско и финансиско работење**[2] (www.javnefinansije.rs) Ве поканувaат на стручна конференција од областа на јавните набавки под името: **ЈАДРАНСКИ ФОРУМ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ во Охрид, Република Северна Македонија**.

***Охрид е културен, духовен и туристички центар на Македонија, и како круна на вредностите, Охрид и Охридското Езеро се светско културно и природно богатство под заштита на УНЕСКО од 1980 година. Охрид, е вечниот град на митскиот Балкан, волшебниот рид на Македонија, со своето исконско пулсирање ги поврзува старите во новите времиња, за навек.***

**Асоцијацијата на професионалци во јавните набавки во Република Северна Македонија** обезбедува на едно место да се спојат праксата и теоријата, со користење на искуствата од областа на јавните набавки на нејзините членови и партнери, со цел да создаде добра пракса и соодветна примена на Законот за јавните набавки, неговите подзаконски акти и добрата меѓународна пракса. АПЈН со своето делување придонесува за поголем економскиот развој на Република Северна Македонија преку ефикасен систем на јавни набавки, градење на професионален капацитет за нивно спроведување како и интензивна регионална соработка.

**Канцеларијата за буџетско и финансиско работење - PFO** е специјализирана компанија во Република Србија за пренос на знаење и градење на капацитетите, која на своите клиенти има обезбедува консултантски услуги во сите свери на финансиското и правното работење, а со цел остварување придобивки од воспоставување регионална соработка во областа на јавните набавки.

Собрани на едно место во древниот Охрид, експертите од областа на јавните набавки од Република Северна Македонија, Република Србија, Република Црна Гора и Република Хрватска преку стручна и непосредна дискусија, дијалог и размена на мислења и искуства ќе се потрудат да дојдат до заеднички заклучоци и ставови. Овој настан е продолжение на претходно одржаниот Јадрански форум во Порторож во 2019 година. На овој начин се воспостави мрежа на професионалци на регионално ниво која придонесува кон развој на системот на јавни набавки и професионализација на оваа област.

---

[1] АПЈН

[2] PFO –Public finance Office



